03-595/1
17.01.2024

Согласно член 36 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Сл. весник на Р.С.М. бр.101/2019)
Министерство за култура
Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ" бр. 61,
Телефон: (02) 3240-555,
Електронска пошта :info@kultura.gov.mk
-службено лице за посредување со информации од јавен карактер – Ана Кардула, го подготви следниот:

**ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ**
**(од 01.01.2023 до 31.12.2023)**

1.Податоци за службените лица определени за посредување со информации кај имателите на информации:
- Елена Николовска, електронска пошта elena.nikolovska@kultura.gov.mk, тел.02 3240-572;
- Ана Кардула, електронска пошта ana.kardula@kultura.gov.mk, тел. 02 3240-644.

2. Број на примени барања – **84;**

3. Број на позитивно одговорени барања **76;**

Во вкупниот број на позитивно одговорени барања се сметани и 18 барања кои согласно член 18 од Законот за слободен пристап до информаци од јавен карактер се препратени на надлежност до друга институција, а барателот на информацијата е соодветно известен, исто така **4 барања се делумно прифатени**, додека пак едно барање поради преобемност на документацијата која беше побарана да се испрати во електронска форма, барателот на информацијата беше повикан да дојде во просториите на Министерството за култура и да изврши физички увид врз документацијата со образложение дека Министерството за култура нема технички можности да достави толку обемна документација. Истиот беше реализиран на ден 02.03.2023 година.

4. Број на одбиени и отфрлени барања со наведување на причините за секое одбиено или отфрлено барање – 3 одбиени барања и тоа:

* **барање УП1 03-512** поднесено од страна на Активисти на Граѓанската иницијатива од Охрид СОС од 23.03.2023 година со кое беше побарано следното:
- Да ни се достави листа на издадени мислења на Комисијата за управување со природното и културното наследство на Охридскиот Регион од формирањето на новиот состав во март 2021 до денес и тоа позитивни или условено позитивни.

- Да се достави листа на отфрлени предмети, односно предмети за кои Комисијата дала негативно мислење и не може да се реализираат.

Министерството за култура го одби барањето од причина што Комисијата за управување со природното и културното наследство на Охридскиот Регион нема надлежност да ги обработува податоците и не располага со листа на издвоени мислења – позитивни и условено позитивни, како и со листа на отфрлени предмети.

* **барање УП1 03-513** поднесено од страна на Фондацјата за интернет и општество Метаморфозис од 23.03.2023 година со кое беше побарано следното:

Вкупен број на информации кои се означени со некој од степените за класификација на информацијата во 2022, односно:

- Број на информации кои се означени со степенот "државна тајна" во 2022.
- Број на информации кои се означени со степенот "строго доверливо" во 2022.
- Број на информации кои се означени со степенот "доверливо" во 2022.
- Број на информации кои се означени со степенот "интерно" во 2022.
- Број на информации кои се означени со степенот "за ограничена употреба" во 2022.

Вкупен број на информации чиј рок е продолжен поради доверливост на податокот, во 2022.

Министерството за култура го одби барањето врз основа на член 6 став (1) од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер во кој е наведено дека имателите на информации можат да одбијат барање за пристап до :

1) информација која врз основа на закон претставува класифицирана информација со соодветен степен на класификација.

* **барање УП1 03-856** поднесено од страна на Здружението на граѓани „ФРОНТ 21/42 од 05.09.2023 година со кое беше побарано следното:

-Копија од добиените мислења/коментари/забелешки во однос на Стратегискиот план за рехабилитација на светското природно и културно налседство на Охроидскиот регион, од страна на Центарот за светско наследство на УНЕСКО и неговите советодавни тела - ИУЦН и ИКОМОС.

Министерството за култура го одби барањето од причина што согласно Конвенцијата за заштита на светското природно и културно наследство од 1972 год. и Оперативниот водич за имплементација на истата, државите членки почитувајќи ги внатрешните процедури на организацијата немаат право да доставуваат работни документи кои ги подготвува УНЕСКО.

5. Број на неодговорени барања - **нема;**

6. Број на вложени жалби против првостепени одлуки (решенија на имателите на информации, со опис на одлуката, како и со наведување на причините за донесената одлука во случај на повторно одбивање на бараната информација) – **8;**

7. Број на усвоени жалби со одлука на Агенцијата – 7;

8.Број на преиначени првостепени одлуки по постапување на Агенцијата-2;

9. Број на одбиени жалби од Агенцијата и причини за нивно одбивање – **нема;**

10. Број на отфрлени жалби од Агенцијата и причини за нивно отфрлање **нема;**

***Жалби бр. 08-205, 08-206 и 08-207 од 18.05.2023*** година изјавени од страна на Здружението на граѓани за заштита на човекови права Од нас за нас - Скопје против Министерството за култура до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер.

Агенцијата преку емаил заведен под бр. **08-205, 08-206 и 08-207** од **18.05.2023 ги** препрати жалбите до Министерството за култура заведени под арх.бр.УП1 03-538, 539 и 540 од 20.06.2023 година и побара од Имателот на информациите во рок од 7 дена да се произнесе по истите како и до Агенцијата да ги достави сите списи во врска со предметот. Имателот на информации на ден 05.06.2023 година до Агенцијата преку електронска пошта достави допис во кој е наведено дека е постапено по барањата на барателот како и тоа дека одговорот е испратен до истиот и во прилог ги достави Решенијата УП1 03-538, 539 и 540 од 05.06.2023 година со кои барањата за пристап до информавции од јавен карактер се прифаќаат.

На ден 05.06.2023 година Здружението на граѓани за заштита на човекови права Од нас за нас – Скопје достави втора жалба против Решенијата на Министерството за култура УП1 03-538, 539 и 540 од 20.06.2023 година, заведени во архивата на Агенцијата под бр. **08-205; 08-206 и 08-207 од 06.06.2023** година.

Агенцијата преку емаил заведен под бр. **08-205; 08-206 и 08-207 од 06.06.2023** година ја препрати жалбата до Министерството за култура и побара од Имателот на информациите во рок од 7 дена да се произнесе по истите како и до Агенцијата да ги достави сите списи во врска со предметот.

Од причина што Имателот на информацијата не постапил согласно одредбите од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, ги уважи жалбите изјавени против Министерството за култура и го задолжи Имателот да ги спроведе Решенијата на Агенцијата и да ги достави бараните информации на барателот како и за истото да ја извести Агенцијата во рок од 15 дена.

Министерството за култура постапувајќи по жалбата, а согласно Решението на Агенцијата со кое жалбата изјавена од Здружението на граѓани за заштита на

човекови права Од нас за нас - Скопје против Министерството за култура СЕ УВАЖУВА донесе Решение со кое на Барателот на информацијата му ги даде бараните информации.

**Жалба бр. 08-76 од 09.02.2023** изјавена од страна на Граѓанската иницијатива Охрид СОС поднесена преку полномошник Драгана Велковска против Комисијата за управување со светското природно и културно наследство на Охридскиот регион до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер.

Агенцијата преку емаил заведен под бр. **08-76 од 10.02.2023** година ја препрати жалбата до Комисијата и побара од во рок од 7 дена да се произнесе по истата и до Агенцијата да ги достави сите списи во врска со предметот.

Од причина што Имателот на информацијата не одговорил на дописот на Агенцијата, Агенцијата утврди дека Имателот не постапил согласно одредбите од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер ја уважи жалбата изјавени против Комисијата за управување со светското природно и културно наследство на Охридскиот регион и му наложи на Имателот да постапи по барањето на Барателот како и за истото да ја извести Агенцијата во рок од 15 дена.

Министерството за култура постапувајќи по жалбата, а согласно Решението на Агенцијата со кое жалбата изјавена од Граѓанската иницијатива Охрид СОС поднесена преку полномошник Драгана Велковска против Комисијата за управување со светското природно и културно наследство на Охридскиот регион СЕ УВАЖУВА донесе Решение со кое на Барателот на информацијата му ги даде бараните информации.

**Жалба бр.08-224 од 31.05.2023 година** изјавена од страна на Фондацијата за интернет и општество Метаморфозис против Министерството за култура до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер.

Министерството за култура го одби барањето врз основа на член 6 став (1) од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер.

Фондацијата за интернет и општество Метаморфозис незадоволна од доставениот одговор достави Жалба до Агенцијата.

Агенцијата со електронски допис од 31.05.2023 година ја препрати жалбата до Министерството за култура и побара во рок од 7 дена да се произнесе по истата.

Постапувајќи по електронскиот допис на Агенцијата со кој жалбата заведена под арх.бр. 08-224 на 31.05.2023 година, изјавена од страна на Фондацјата за интернет и општество Метаморфозис против Министерството за култура по основ на поднесено барање е препратена до имателот со цел во рок од 7 дена да се произнесе по истата и да ја достави целокупната документација со која располага,а е во врска со предметната Жалба, а во согласност со член 20 став (1) од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, според кој ако имателот на

информацијата позитивно одговори на барањето или ако барањето делумно или целосно го одбие, за тоа ќе донесе решение, и член 110 од Законот за општата управна постапка, Министерството за култура донесе Решение бр. УП1 бр.03-513 од 20.06.2023 година за посредување по поднесено барање за слободен пристап до информации од јавен карактер и на Барателот на информацијата му ја достави бараната информација.

**Жалба бр.08-413 од 14.11.2023 година** изјавена од страна на Еколошко здружение на Граѓани Фронт 21/42 - Скопје против Министерството за култура до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер.

Еколошко здружение на Граѓани Фронт 21/42 - Скопје на 16.10.2023 година поднело Барање за пристап до информации од јавен карактер до Министерството за култура, на кое барање Имателот не одговорил во законски утврдениот рок од 20 дена поради што Барателот поднел жалба до Агенцијата.

Агенцијата со електронски допис од 14.11.2023 година ја препрати жалбата до Министерството за култура и побара во рок од 7 дена да се произнесе по истата.

Имателот на информации на ден 21.11.2023 година по електронски пат до Агенцијата доставил Решение УП1 03-886 од 15.11.2023 година со кое се уважува Барањето за пристап до бараните информации и истите му се доставени на Барателот.

На ден 21.11.2023 година по електронски пат до Агенцијата се обрати Барателот на информациите со известување дека се задоволни од добиениот одговор и дека ја повлекуваат предметната жалба.

Агенцијата согласно одредбите од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер и согласно одредбите од Законот за општата управна постапка **ЈА ЗАПРЕ ПОСТАПКАТА** по жалбата од причина што Барателот истата ја повлекол пред донесување на управен акт од страна на второстепен орган.

**Жалба бр. 08-351 од 22.09.2023 година** изјавена од страна на Томи Салковски преку застапник/полномошник Адвокатско Друштво Доневски.

Од страна на Министерството за култура донесено е Решение УП1 бр.03-849 од 06.09.2023 година, со кое барањето на барателот на информација се прифаќа.

Незадоволен од донесеното Решение, барателот на информацијата навремено и во законски утврдениот рок се обрати до Агенцијата и поднесе жалба против имателот на информацијата - Министерството за култура.

Агенцијата со електронски допис заведен под арх.бр. 08-351 на 22.09.2023 година,, ја препрати жалбата до имателот на информации и побара во рок од 7 дена да се произнесе по истата и да ја достави целокупната документација со која располага,а е во врска со предметната жалба.

Постапувајќи по електронскиот допис на Агенцијата, Министерството за култура се произнесе по истата и ја достави целокупната документација со која располага,а е

во врска со предметната Жалба, и на Барателот на информацијата му ги даде бараните информации.

Незадоволен од образложението на наведеното Решение, барателот на информацијата навремено и во законски утврдениот рок повторно се обрати до Агенцијата, и поднесе **втора жалба** против имателот на информацијата - Министерството за култура.

Агенцијата со електронски допис, ја препрати жалбата до имателот на информации и побара во рок од 7 дена да се произнесе по истата и да ја достави целокупната документација со која располага,а е во врска со предметната Жалба

Од причина што Имателот на информации не одговори на електронскиот допис на Агенцијата, Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер согласно одредбите од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер ја разгледа Жалбата изјавена од барателот на информацијата и донесе Решение со кое истата ја уважи, оспореното решение го поништи и предметот го врати на повторно разгледување пред првостепениот орган, како и истото да го спроведе во рок од 15 дена од денот на неговиот прием и да ја извести Агенцијата.

Министерството за култура постапувајќи по жалбата, а согласно Решението на Агенцијата со кое жалбата изјавена од Томи Салковски од Скопје, поднесена преку Адвокатско Друштво Доневски, СЕ УВАЖУВА и предметот се враќа на повторно постапување пред првостепениот орган, повторно донесе Решение УП1 бр.03-849 од 06.11.2023 година со кое на Барателот на информацијата делумно му ги даде бараните информации.

Незадоволен од донесеното Решение, барателот на информацијата навремено и во законски утврдениот рок повторно се обрати до Агенцијата и поднесе **трета жалба** против имателот на информацијата - Министерството за култура.

Агенцијата со електронски допис, ја препрати жалбата до имателот на информации и побара во рок од 7 дена да се произнесе по истата и да ја достави целокупната документација со која располага,а е во врска со предметната Жалба

Од причина што Имателот на информации не одговори на електронскиот допис на Агенцијата, Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер согласно одредбите од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер ја разгледа Жалбата бр.08-351 од 22.11.2023 година изјавена од барателот на информацијата и донесе Решение со кое истата ја уважи, оспореното решение го поништи и предметот го врати на повторно разгледување пред првостепениот орган, како и истото да го спроведе во рок од 15 дена од денот на неговиот прием и да ја извести Агенцијата.

Министерството за култура постапувајќи по жалбата, а согласно Решението на Агенцијата со кое жалбата изјавена од Томи Салковски од Скопје, поднесена преку Адвокатско Друштво Доневски, СЕ УВАЖУВА и предметот се враќа на повторно постапување пред првостепениот орган, повторно донесе Решение УП1 бр.03-849/2023 од 12.01.2024 година со кое на Барателот на информацијата му ги даде бараните информации.

**Жалба бр.08-302 од 01.08.2023 година** изјавена од страна на Славе Димитров против Министерството за култура до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер.

Славе Димитров на ден 04.07.2023 година по електронски пат поднел Барање за пристап до информации од јавен карактер до Министерството за култура, на кое барање Имателот не одговорил во законски утврдениот рок од 20 дена поради што Барателот поднел жалба до Агенцијата.

Агенцијата со електронски допис од 01.08.2023 година ја препрати жалбата до Министерството за култура и побара во рок од 7 дена да се произнесе по истата.

Од причина што Имателот на информацијата не одговорил на дописот на Агенцијата, Агенцијата утврди дека Имателот не постапил согласно одредбите од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер ја уважи жалбата изјавени против Министерството за култура и му наложи на Имателот да постапи по барањето на Барателот како и за истото да ја извести Агенцијата во рок од 15 дена.

Министерството за култура постапувајќи по жалбата, а согласно Решението на Агенцијата со кое жалбата изјавена од Славе Димитров од Скопје СЕ УВАЖУВА донесе Решение УП1 бр.03-736 од 22.08.2023 година со кое на Барателот на информацијата му ги даде бараните информации.

**Скопје, 17.01.2024 г.**

**МИНИСТЕР**
**Бисера Костадиновска - Стојчевска**

Подготвил: Ана Кардула, службено лице